**Одржана работилница за родово одговорно буџетирање одржана од 17 – 20 април 2018 година во Охрид**

Во рамки на регионалниот проект на UN Women за родово одговорни политики и буџети, беше организирана **воведна обука за родово одговорно буџетирање** наменета за советниците (советници и советнички) и претставници од локалните самоуправи од општините . Обуката се одржа во периодот од **17-20 април во Охрид.**

Поради обврски на советниците во работата на комисиите на советот, тие не беа во можност да ја посетат обуката. Општина Штип ја претставуваа двајца претставници од администрацијата, Снежана Санева координатор за еднакви можности и Марина Митревска, заменик координатор за еднакви можности.

На обуката се обработија следниве теми :

**Основни родови концепти,**

На оваа тема беа презентирани податоци кои ја претставуваат положбата на мажите и жените во заедницата:

Жените имаат 4-6 часа повеќе дневно неплатена работа од мажите. Како растат децата, бројот на часови со неплатена работа се зголемува.

Потребно е да се создадат услови кои ќе бидат потребни за задоволување на потребите и на мажите и на жените.

Жените работат 2/3 од работите во светот, а добиваат 1/10 од приходите. Многу жени работат на неплатена работа - домашни обврски.

Во Македонија само 18 % од жените располагаат со некаква сопственост (помалку и од Косово)

Во Непал порано во катастерот жените воопшто не фигурирале, односно немало можност да бидат запишани како сопственици. Но, денес тоа не е така. Успеале да се изборат сопственоста стекната во брак да биде запишана 50-50% на мажот и на жената.

Во целиот свет – општо, од целата сопственост, само 1% им припаѓа на жени.

Пример од нашата држава: во претходниот политички систем - социјализмот судиите сѐ уште биле ниско платени и затоа жените биле доминантни во оваа професија. Во моментов, судиите се подобро платени и се забележува тренд на зголемување на мажи судии.

Целта на родовиот концепт не е да ги промениме родовите улоги, туку да ги препознаеме потребите на двата пола и да создадеме услови за поефикасно остварување на улогите.

Родово дрво

Илустрација со која се објаснува состојбата во која се наоѓаат жените во една заедница. Корените на дрвото се причините, основите за состојбата, стеблото ја претставува државата која со својот еднаков третман, не земајќи ги предвид посебните потреби и приоритети на двата пола, всушност придонесува за различната положба во која се наоѓаат мажите и жените. На крај, крошната на дрвото се резултатите од претходните фактори







**Воведување на родово одговорно буџетирање**

Концептот на РОБ е институционализиран од страна на Советот на Европа во 2006 година.

РОБ ни овозможува да ги фрагментираме, расчлениме сите микро – проекти за да се види бенефитот за мажите и жените.

РОБ не е никако поделба на буџетот на 50%-50% на мажи и жени.

АПРИЛ

***Планирање***

Буџетски циркулар ( плафон – колку средства има на располагање, го испраќа Министерството за финансии за секоја општина.

МАЈ – СЕПТЕМВРИ

***Анализа на потребите***

- Јавни расправи
- Посети на УЗ
- Приемни денови на градоначалник

( да се внимава на адаптиран пристап за да биде еднакво прифатливо и за мажите и за жените)

***Утврдување на :***

- Приоритети
- Потреби
- Планирање на расходи
- Оценување на остварливост
- Предвидување на индикатори на успех

ОКТОМВРИ

***Изготвување на предлог (нацрт) програма***

Се доставува до градоначалник, до Совет и до Комисии на Совет. Би било добро сите програми да се разгледуваат на Совет. Во некои општини веќе има формирано интерсекторски комисии (групи) за родова еднаквост.

**Родова статистика и примена во програмирање**

Што е родова статистика?

Родова статистика е статистика која адекватно ги рефлектира разликите и нееднаквостите меѓу мажите и жените.

- Податоците се разделени по пол
- Ги рефлектираат родовите разлики
- Претставуваат основа за дефинирање на родово – сензитивни индикатори
- Претставуваат основа за мерење на социјалните проблеми
- Родвите податоци нумерички ни ја рефлектираат целта каде сакаме да стигнеме.

Корисници на родова статистика

Корисници на родова статистика се :

- Креаторите на политиките и планерите ( администрацијата и советниците)

Тие ги користат статистичките податоци за идентификување на проблемите на мажите и жените.

- Истражувачите и аналитичарите
  Нивни интерес е како разликте помеѓу мажите и жените може да влијаат на намалување на невработеноста и сиромаштијата.

  Даватели на услуги се:
  - владини агенции
  - приватни orгазнизации и тела
  Тие идентификуваат родово – поврзани проблеми (образование, здравство)

- Групи на притисок (лобисти) НВО – и, групи на социјални мрежи, родители, потрошувачи, пациенти, ученици.
  Сите тие, поврзани со нивниот интерес, може да влијаат на креирањето на политиките.
  Тие ја користат статистиката за да ги илустрираат проблемите во општеството.

  **Креирање на локални политики**

  Неопходно е постоење на родово статистички податоци. Создавањето на родова статистика е од национано значење.

Тоа е обврска која е пропишана со Стратегијата за еднакви можности и со Законот за еднакви можности.

**Како општината да создаде родова статистика?**

Треба да се оствари блиска соработка со АВРМ, ФЗОМ, ПИОМ, АМСМ и сл.

Треба да се собираат податоци од различни извори, и да се анализираат..

На пр. од ФЗОМ може да се добие податок колку мажи и колку жени користат здравствено осигурување, колку се на боледување и сл.

**Како да се обраќаме до институциите за добивање на податоци?**

Кога бараме податоци, најдобро е да им испратиме обрзаец, односно табела во која ќе може да ги запишат податоците кои им ги бараме.

Пр. за родово поделени податоци  добиени од Прв семеен центар на град Скопје за 2017 година.

До колку системски ги собираме податоците, ние и самите ќе можеме да направиме дата – база на податоци.

Области каде постои дискриминација по однос на пол. Важно е да се откријат нееднаквостите кои оневозможуваат ( претставуваат пречка) мажите и жените да учествуваат подеднакво или да имаат корист од одредени политики.

Податоците за економската активност на жените и мажите може да се најдат во Државен завод за статистика

**Области за родови статистики**

- Екномска активност и вработување
- Баланс меѓу работата и семејниот живот

**Каде може да се најдат?**

- Анкета на работна сила (ДЗС)
- Публикации за пазарот а трудот (ДЗС), др. извор ФЗОМ
- Број на жени на породилно боледување(мажи) – извор ФЗОМ
- Број на жени (мажи) кои порано се враќаат на работа од породилно отсуство – ФЗОМ
- Број на установи кои згрижуваат деца, извор : општина
- Ниво на образование на мажи и жени, извор: извештај за образование – ДЗС
- Број на машки и женски деца запишани во основно и средно образование – општина
- Број на мажи и на жени кои продолжуваат во високо образование  - публикација за средно образоваие на ДЗС
- Занимање на мажи и жени – ДЗС

**Забелешка: За секој отворен ден за граѓани, јавна расправа, дебата треба да се води полово поделена статистика**

**пр. за родова статистика - Статистика за транспорт:**

- Број на мажи и жени со возачка дозвола – АМСМ
- Број на мажи и жени сопственици на возила – АМСМ
- Број на мажи и жени кои користат јавен превоз – Јавни сообраќајни претпријатија (според број на издадени месечни карти за јавен превоз)